Согласно најавата од страна на ФЗО за воведување на нов начин на класифицирање на услугите кои се извршуваат од страна матичните лекари, од страна на Мој Термин овозможено е истите електронски да се регистрираат преку локалните софтверски решенија при евидентирање на посета од пациент, а ФЗО потоа податоците да ги добива преку Мој Термин. За користење на оваа функционалност потребно е претходно да се сте најавени во Мој Термин.

## Услуги за матични лекари по нова класификација од ФЗО

Оваа функционалност е достапна во формата Преглед на пациенти и функционира на тој начин што при избор на преглед, прв или контролен преглед автоматски се внесува и услугата која соодветствува со тој преглед.




*Слика 1. Дел за внес на новите типови на услуги*

При избор на прв преглед со запишување на прегледот автоматски се потполнува А2 - Прв куративен преглед во формата Услуги МЗ. Со избирање на контролен преглед автоматски се потполнува А3 – Повторен куративен преглед. Доколку за пациентот е извршен друг вид на услуга во формата Услуги МЗ има опаѓачко мени со услуги кои што може да се изберат мануелно и услугата да биде променета.




*Слика 1. Паѓачко мени за избор на услуга*

Карактеристично е тоа што само со <u>А2 – Прв куративен преглед</u>, <u>А3-Повторен куративен преглед</u> и <u>А5-Наменски преглед на двомесечно бебе</u> е поврзана услугата <u>А7 – упатување на секундарно ниво</u>. Така што, само со тие услуги може да се креира и закажи упат. По закажување на упат за пациент за кој претходно е внесена А2, А3 или А5 услуга, автоматски се внесува и услугата А7 во формата <u>Услуги МЗ</u>. Ако се избере некоја од другите услуги, а потоа се креира и закажи упат на екран се појавува порака дека избраната услуга А7, не може да се комбинира со претходно внесената услуга. Услугата А7 секогаш оди во комбинација, не може да се избере само А7 услуга.

## Табеларен приказ на услуги со детален опис

Во прилог подоле е дден извадок од раотното упатство подготвено од Мз и ФЗО за дефиницијата и начинот на употреба на новите услуги.

| **Листа на услуги на општите амбуланти** | | |
|---|---|---|
| **Шифра** | **Краток опис** | **Детален опис** |
| А1 | Кратка посета | Кратка посета, информации, без преглед или интервенција |
| | | А1-1 телефонска или електронска консултација меѓу доктор и пациент |
| | | А1-2 мерење на крвниот притисок или администрација на лекот ако едното или другото го изврши медицинска сестра на барање на матичен лекар |

| **Листа на услуги на општите амбуланти** | | |
|---|---|---|
| | | А1-3 повторно препишување на рецепт на регулирани хронични пациенти со долготрајна терапија (обновлив рецепт се пресметува само еднаш во тековната година) |
| | | А1-4 евиденција на спреченост за работа врз основа на отпусно писмо или преглед на лекар со клинички наоди и пропишана терапија што јасно укажува на спреченост за работа |
| | | А1-5 издавање упати во случај на потреба од контролен преглед од страна на специјалист по првото итно специјализирано испитување или хоспитализација |
| | | А1-6 препишување на медицинско помагало (во натамошниот текст МП) во надлежност на матичен лекар |
| | | А1-7 издавање медицински уверенија (на пр. уверение за здравствена состојба на осигуреникот, потврда за оправданост за отсуство од часови или од спортски активности и сл.). |
| | | Кратка посета без преглед или интервенција може да биде евидентирана и се пресметува кај матичен лекар или неговата замена, доколку е оправдана од професионална гледна точка. Не е оправдана за прво препишување на рецепт за терапија и / или МП и за првото упатување на специјалистичко ниво, за коешто е потребен преглед и професионална проценка од страна на матичен лекар. При препишување на хронична терапија со лекови или повторно препишување на МП, од медицинската документација мора да се гледа барем едно испитување (со клинички статус и какви било лабораториски наоди) во текот на тековната година.<br><br>Во медицинската документација се евидентираат:<br>-датумот и кратката содржина на консултациите со совети (вклучително и телефонски или електронски) во врска со здравствените проблеми на пациентот,<br>-лекови со број на оригинални пакувања / број на денови на лекување / број на дози и пропишана дневна доза,<br>-шифра и количина на МП со дефиниран временски период. |
| А1-а | Е- консултација со пациентот – | Е- консултација со пациентот - подолга телефонска или електронска консултација помеѓу лекарот и пациентот или родителите. Без присуство на пациент во установата Вклучува советување и поучување на пациентот или родителот по телефон или е-пошта: докторот му дава на пациентот или на родителот упатства за третман, го учи родителот да го набљудува детето и да ги идентификува состојбите за кои е потребен преглед; го учи пациентот или родителот како да лекува или третира дете со акутна болест или симптоми на болест без посета на амбуланта. Датумот и кратката содржина на консултациите се во медицинската документација. |
| А2 | Прв куративен преглед | Првиот куративен преглед е прва посета на лекар за преглед за новооткриена дијагноза. Во Медицинската документација се евидентирани минимални записи за историја и клинички наоди според закон за евиденција во здравството |
| А2-а | Прв куративен преглед ХП | Првиот куративен преглед на хроничен пациент е прва посета на лекар за преглед за новооткриена хронична дијагноза/ или за акутно влошување на хронична болест / и не е поврзан со календарската година. Во Медицинската документација се евидентирани |

| Листа на услуги на општите амбуланти | | |
|---|---|---|
| | | минимални записи за историја и клинички наоди според закон за евденција во здравството |
| А3 | Повторен куративен преглед | Повторен куративен преглед е контролен преглед:<br>следење од лекар за претходно познати болести (дијагнози) кои не се во фаза на акутно влошување,<br>Во Медицинската документација се евидентирани минимални записи за историја и клинички наоди според закон за евиденција |
| А3-а | Повторен куративен преглед на ХП | Повторен куративен преглед на хроничен пациент е контролен преглед:<br>следење од лекар за претходно познати заболувања (дијагнози) кои се хронични и не се во фаза на акутно влошување.<br>Во Медицинската документација се евидентирани минимални записи за историјата и клиничките наоди според закон за евденција |
| А4 | Преглед на деца пред влегување во градинка | Услугата вклучува, покрај клинички преглед, здравствено советување, преглед на документација за вакцинација. Услугата може да се бележи само еднаш по дете во тековна година. |
| А5 | Наменски преглед на двомесечно бебе | Преглед на 2 месечно бебе од страна на здравствен техничар или медицинска сестра што вклучува контрола на тежината, должината и доењето. |
| А6 | Превентивен преглед на пациент | Превентивен преглед на возрасно лице вклучува: анамнеза, клинички преглед, заклучок и третман во согласност со упатствата за превентивна здравствена заштита на примарно ниво. Минимален запис за клинички наоди или идентификувана патологија е доволен во медицинската евиденција за да ги задоволи барањата на професијата и упатствата на Министерството за здравство за спроведување на програмата за превенција на примарно ниво. Дупликат на пополнетиот образец за превентивен преглед, пропишана од Министерството за здравство, има во лекарската евиденција (во електронски облик). |
| А7 | Упатување на секундарно ниво | Услугата се бележи:<br>- По првото упатување на специјалистички третман на секундарно или терцијарно ниво, што е индицирано по проценка на матичниот лекар, откако ќе ги исцрпи можностите за дијагностицирање, третман и лекување на акутна или хронична болест на примарно ниво<br>- Упатување итни случаи |
| | | Услугата не се запишува во следниве случаи:<br>- Упатување по барање или предлог на специјалист (А1-5)<br>- Упатување на функционална дијагностика по проценка на матичниот лекар (на пр : РТГ, ултразвук и сл.), каде испитувањето ќе му помогне на општиот лекар во одлучувањето за терапијата и со тоа ќе се избегне упатувањето кај специјалист на секундарно ниво |
| А8 | Домашна посета | Домашната посета е евидентирана и се пресметува според задолжителните правила за здравствено осигурување. Во медицинската документација, минимален запис за анамнестички податоци и клинички наоди е доволен за да се задоволат барањата на професијата. Доколку, врз основа на клинички преглед, избраниот лекар утврди медицинска индикација за интервенција, што може да |

| Листа на услуги на општите амбуланти | | |
|---|---|---|
| | | се направи во домот на пациентот, тој / таа го евидентира и пресметува. Покрај домашната посета - причината и извршената интервенција мора да бидат евидентни од медицинската документација. |
| А9 | Палијативна домашна посета | Се извршува палијативна домашна посета, се евидентира и се пресметува кога избраниот лекар идентификува професионална индикација за симптоматска терапија за пациент во терминална фаза во неговиот дом. Причината за посетата мора да биде прикажана во медицинската документација. Во медицинската документација, минимален запис за анамнестичките податоци и клинички наоди е доволен за да се задоволат барањата на професијата. Ако, врз основа на клинички преглед, лекарот идентификува дополнителна индикација за интервенција што е изводлива во домот на пациентот, тој / таа го евидентира и пресметува покрај домашната посета - причината и извршената интервенција треба да бидат евидентни од медицинската документација. |
| А10 | Кратка посета кај медицинска сестра | Кратка посета на медицинска сестра (без посета на лекар) |
| | | А11-1 Постапки и интервенции за медицинска сестра (спирометрија, ЕКГ, ФЕВ, 24-часовно мерење на крвниот притисок, ТТ, ТВ, ОА, шеќер во крвта во капиларниот мерач за крв ...) |
| | | А11-2 Индивидуално советување ( за употреба на спрејови или шприцови или додатоци МТП, глукометар,…) или проверка на функционирањето на мониторот на крвниот притисок или помагање во пополнувањето на прашалник за превентивни прегледи |

| # | Код | Опис | Дали се комбинира со други услуги |
|---|---|---|---|
| 1 | A1 | Кратка посета | Не, и се бира само една од 1-7 |
| | A1-1 | Телефонска или електронска консултација | |
| | A1-2 | Мерење на крвен притисок или администрација на лек | |
| | A1-3 | Повторно препишување на рецепт на регулирани хронични пациенти | |
| | A1-4 | Евиденција на спреченост за работа | |
| | A1-5 | Издавање упати во случај на потреба од контролен преглед | |
| | A1-6 | Препишување на медицинско помагало | |
| | A1-7 | Издавање медицински уверенија | |
| 2 | A1-a | Е- консултација со пациентот | Не |
| 3 | A2 | Прв куративен преглед | Може со A7 |
| 4 | A2-a | Прв куративен преглед ХП | Може со A7 |
| 5 | A3 | Повторен куративен преглед | Може со A7 |
| 6 | A3-a | Повторен куративен преглед на ХП | Може со A7 |
| 7 | A4 | Преглед на деца пред влегување во градинка | Не |
| 8 | A5 | Наменски преглед на двомесечно бебе | Може со A7 |
| 9 | A6 | Превентивен преглед на пациент | Не |
| 10 | A7 | Упатување на секундарно ниво | Задолжително се комбинира |
| 11 | A8 | Домашна посета | Не |
| 12 | A9 | Палиативна домашна посета | Не |
| 13 | A10 | Кратка посета на медицинска сестра | Не |
| | A10-1 | Постапки и интервенции за медицинска сестра | |
| | A10-2 | Индивидуално советување | |
| | A10-3 | Кратки информации и покани за советување | |